Врз основа на член 11 и член 52 став 1 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022), државниот секретар во Министерството за образование и наука, донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ - SHKUP
Бр./Nr. 04-1074/10
05-02-2024 20 година
СКОПЈЕ - SHKUP

# ОДЛУКА

## за избор на кандидат по Интерен оглас број 02/2024 за унапредување на административен службеник во Министерстото за образование и наука

1. Кандидатот **Метуш Чајљани,** по пат на интерен оглас број 02/2024 се избира за работно место УПР0101Б04000 Раководител на одделение за еквиваленција и нострификација на основно и средно образование во Одделение за еквиваленција и настрификација на основно и средно образование во Сектор за нострификација и еквиваленција - 1 извршител.

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 02/2024 со архивски број 04-1074/9 од 02.02.2024 година.

3. Именуваниот ќе биде унапредена на работното место од став 1 по конечноста на оваа одлука.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии со архивски број 18-14624/2 од 11.01.2024 година државниот секретар во Министерството за образование и наука упати барање со архивски број 04-1074/1 од 18.01.2024 година за објавување на интерен оглас за унапредување на административен службеник во Министерство за образование и наука. Оделението за управување со човечки ресурси, објави интерен оглас број 02/2024 со архивски бр. 04-1074/2 од 18.01.2024 година за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Министерството за образование и наука, на ден 19.01.2024 година на веб страницата на Министерството и на веб страницата на Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, комисијата за унапредување на административни службеници, формирана од страна на државниот секретар во Министерството за образование и наука со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување на администратвни службеници со архивски број 04-1074/5 од 30.01.2024 година, направи административна селекција на пријавените кандидати кои што ги исполнуваа условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за образование и наука. Од пријавените двајца

кандидати Комисијата констатира дека едниот кандидат не го исполнува уловот на предвидениот вид на образование и тоа: општествени науки – право, образование или други општествени науки (јавна управа и администрација), предвиден со Интерниот оглас 02/2024 и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за образование и наука, бидејќи по професија е дипломиран економист. Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоените бодови од интервјуто, комисијата состави Записник од административната селекција за интерен оглас за број 02/2024 за унапредување на административни службеници со архивски бр. 04-1074/6 од 02.02.2024 година, Записник од спроведување на интервју за унапредување на администратвен службеник на работно место од категорија Б со архивски бр. 04-1074/7 од 02.02.2024 година и изготви Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 02/2024 со архивски број 04-1074/9 од 02.02.2024 година. Врз основа на ранг листа државниот секретар на Министерството за образование и наука донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување за именуваниот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
Билјана Казанџиска

Доставено до:
- именуваниот/та;
-Одделение за управување со човечки ресурси
- архива

Изготвил: Фиген Сулејман Бислим
Одобрил:Александра Хашимбеговиќ
Согласен: Маја Бичиклиска